Бр. 12 - 2598/2
09.05.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1, член 23 став 1 и член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 14-та седница одржана на 6 мај 2019 година донесе

# Одлука

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-2598/1 од 03.05.2019 година.

Сомневањата дека со покренување на дисциплинска постапка за дисциплински престап против административен службеник вработен во администрацијата на општина Куманово и со донесување на решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап – распоредување на работно место во непосредно пониско ниво на ден 25.04.2019 година се прекршени одредбите од членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не се потврдени.

Предметот со број 12-2598/1 од 03.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2598/1 од 03.05.2019 година е оформен по пријава со наводи за утврдување незаконитости и прекршување при донесување на решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап, поднесена од физичко лице – административен службеник вработен во Општина Куманово.

Во пријавата се содржани наводи за сомневање за прекршување на членот 8-а став 1, алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, каде се стои, дека од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборите не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи. Во пријавата е наведено дека против подносителот на пријавата вработен во администрацијата на Општина Куманово согласно Законот за административни службеници е покрената дисциплинска постапка за дисциплински престап и на ден 25.04.2019 година е донесено решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап – распоредување на работно место во непосредно пониско ниво, со што, како што е наведено во пријавата, се прекршени одредбите


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

одредбите од членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

По разгледување на наводите во пријавата и приложените докази кон истата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по спроведување на дисциплинска постапка и по изведување на докази, факти и околности, на административниот службеник, распреден на работно место со звање и назив Виш соработник - внатрешен ревизор во Одделението за ревизија на регуларност на системите за внатрешна контрола во општина Куманово, со Решение бр. 04-2425/1 од 25.04.2019 година му е изречена дисциплинска мерка – распоредување на работно место во непосредно пониско ниво заради сторен дисциплински престап утврден во член 73 став 1 точка 1, 12 и 13 од Законот за административни службеници. ДКСК констатира дека со преземање на овие дејствија, општина Куманово во конкретниот случај не ги прекршила одредбите од членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи не се работи за дејствија кои претставуваат престанок на работниот однос, дејствие кое е забрането во текот на изборниот период. Со цел заштита на своите права од работен однос, административниот службеник–подносителот на пријавата против кого е покрената дисциплинската постапка поднел жалба на ден 02.05.2019 година, со што предметниот случај е во надлежност на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk